МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

# ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И (НЕ)ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ИЗБОРНИТЕ ПРОГРАМИ

*Анализа на изборните програми на политичките партии*

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦС)
Македонски институт за медиуми (МИМ)

**За издавачите**
Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС
Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС
Билјана Петковска, извршен директор на МИМ

**Автор**
Дервиша Хаџиќ-Рахиќ

**Подготовка**
Даниела Стојанова, МЦМС

ИСБН 978-608-4617-30-3

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на издавачите или донаторите на овој извештај.

**МЦМС, ИДСЦС, МИМ**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

# Содржина

Листа на кратенки ..... 2

**Вовед ..... 3**

**Општи информации за програмите ..... 4**

**Како и колку се спомнуваат еднаквите можности / (не)дискриминацијата ..... 5**

Активности во однос на Законот за заштита и спречување од дискриминација ..... 6

Еднакви можности и не/дискриминација ..... 7

**Заклучоци ..... 11**

Прилог 1. Веб-страници на кои се објавени програмите ..... 12

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| ВМРО-НП | ВМРО - Народна партија |
| ДПА | Демократска партија на Албанците |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ЕПМ | Европска партија на Македонија |
| ЛДП | Либерал демократска партија |
| НД | Нова демократија |
| НДП | Национална демократска преобразба |
| ОМ | Обединети за Македонија |
| СДСМ | Социјал демократски сојуз на Македонија |

## ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Институтот за демократија Социетас цивилис - Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ) во април 2011 г. започнаа повеќе заеднички активности за вонредните парламентарни избори во рамките на интегрираната платформа Мојот избор 2011. Активностите вклучуваат испитување на јавното мислење, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Во овој извештај е презентирана **квантитативна и квалитативна анализа на програмите на политичките партии за вонредните парламентарни избори во 2011 г.** од аспект на предлози и решенија за еднаквост/недискриминација.

Во анализата се вклучени **програмите на оние политички партии кои доставиле или објавиле програма за изборите**. Програмите на политичките партии кои беа доставени или објавени на албански јазик, беа преведени на македонски јазик и потоа анализирани.

Во овој извештај се употребени дефинициите за еднакви можности и дискриминација преземени од Поимникот на термини поврзани со дискриминацијата (МЦМС, 2008). Притоа еднаквоста е дефинирана како начело според коешто сите луѓе се рамноправни, односно изедначени во обврските и правата и воедно еднаквоста ја подразбира различноста, односно подразбира постоење не истоветни субјекти кои треба да бидат еднакво третирани. Додека пак „еднаквоста на шансите или можностите" во себе ги подразбираат мерките коишто се преземаат од страна на државата со цел поставување на луѓето во истоветна ситуација за практикување на основните права и слободи.

Дискриминацијата се дефинира како: секое разликување, исклучување, ограничување или нееднакво постапување или непостапување, мотивирано од основите што се спомнати (кои постојат во моментот, или постоеле порано, а не постојат во моментот, или можат да постојат во иднина, или кои се припишуваат на одредено лице), а кое има за цел или резултира со оневозможување или отежнување на признавањето, уживањето или практикувањето од страна на сите лица врз еднаква основа на сите права и слободи, односно во понеповолен третман на едно лице во однос на друго во слична ситуација.

Во овој документ се претставени резултатите од спроведената анализа и заклучоците кои произлегуваат од неа. Дел од резултатите од квантитативната анализа се претставени графички преку графикони и/или табели, а се користат и апсолутни бројки и проценти.

## Општи информации за програмите

За вонредните парламентарни избори во 2011 година, најголем дел (15 или 83 %) од политичките партии/коалиции кои се натпреваруваат за власт објавија/понудија (изборни) програми. Програмите се разликуваат како во содржината, така и во обемот.

**Табела 1: Преглед на политичките партии* кои доставиле/објавиле програма за парламентарните избори 2011 (по редослед во избирачко ливче)**

| Политичка партија | Веб-страница | Година | Јазик | Бр. на стр. |
|---|---|---|---|---|
| Демокрациа е ре – Партија за нова демократија | да | - | Албански | 29 |
| Партија на обединети демократи за Македонија (ПОДЕМ) | да | 2011 | Македонски | 50 |
| Социјалдемократска унија (СДУ) | да | 2011 | Македонски | 48 |
| Демократска унија на Албанците (ДУА) | да | 03/2011 | Албански | 48 |
| ВМРО- Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ ) | да | 2011 | Македонски | 284 |
| Демократска унија за интеграција (ДУИ) | да | 12/2009 | Албански | 87 |
| Демократска партија на Албанците (ДПА) | да | 06/2009 | Албански | 13 |
| Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | да | 2011 | Македонски | 139 |
| Национална демократска унија (НДУ) | не | 2011 | Албански | 4 |
| Либерално – демократска партија (ЛДП) | да | 2011 | Македонски | 122 |
| Политичка партија Демократска десница | да | 2011 | Македонски | 40 |
| Европска партија на Македонија | да | 2011 | Македонски | 9 |
| Партија за демократски просперитет (ПДП) | не | 2011 | Албански | 9 |
| Национална демократска преродба (НДП) | да | - | Албански | 10 |
| Обединети за Македонија (ОМ) | да | 2011 | Македонски | 64 |

*Врски до програмите на политичките партии се дадени во прилог 1, а истите може да се најдат и на www.mojotizbor.mk.

ВМРО - Народна партија (ВМРО-НП), Политичка партија Достоинство (ППД) и Социјалдемократска партија на Македонија (СДПМ) не доставија и немаат објавено изборни програми на нивните веб-страници.

## Како и колку се спомнуваат еднаквите можности / (не)дискриминацијата

Политичките партии имаат различно разбирање за поимот „еднакви можности“. Првото разбирање е дека еднаквите можности се насочени кон постигнувањето на еднаквост помеѓу граѓаните, а ова разбирање е блиско до разбирањето за недискриминација; додека второто разбирање е конкретно насочено кон родовата еднаквост. Терминот еднакви можности во одредени политички програми опфаќа цели поглавја, додека во други зафаќа мал дел од програмите.

Покрај најчестата употреба на поимот дискриминација во политичките програми, согледана е и употребата на други сродни термини, како што се анти-дискриминација и недискриминација. Поимот дискриминација е почест од поимот недискриминација, при што од една страна е забележано дека контекстот на употребата на терминот во одредени политички програми настојува да укаже на нерамноправна положба, додека пак во други политички програми терминот е користен во контекстот на борбата за спречување и заштита од дискриминацијата. Во овој извештај е согледана употребата на три термини кои се користеле во програмите: дискриминација; анти-дискриминација и недискриминација.

Еднаквите можности се спомнуваат во 11 од 15 од понудените програми (73 %). Најмногу ги спомнуваат еднаквите можности, ВМРО-ДПМНЕ (5), СДСМ (4) и ЛДП (4). Програмата на ВМРО-ДПМНЕ го употребува поимот во поглавје, наречено како „Еднакви можности за сите“, додека пак СДСМ еднаквите можности ги претставил во поглавјата „Социјална политика“ и „Слобода и правда“. ЛДП во „Либерална социјална политика“ и „Родова еднаквост“. Во програмите на Нова демократија и ДУИ еднаквите можности помалку се спомнуваат (по 2 пати).

Дискриминацијата се спомнува во 10 од 15 од понудените програми (67 %). Најмногу ја спомнуваат дискриминацијата, ДУА (31); ЛДП (22) и СДСМ (12), додека ВМРО-ДПМНЕ помалку го користи терминот дискриминација (4). ДУА го користи овој термин за да укаже на нееднаквост, додека пак ЛДП и СДСМ претежно го користат во однос на заштита и спречување на дискриминацијата. ДУИ го користел терминот 11 пати. Во програмите на ДПА, СДУ, ЕПМ и ПДП не беа пронајдени клучните зборови. Во табеларниот приказ се дадени поконкретни податоци во однос на употребата на поимите, при што еднаквите можности означени со кратенката – ЕМ, додека не/дискриминацијата со НД.

**Табела 2: Колку се спомнуваат еднаквите можности, не/дискриминација**

| Политичка партија | Стр.[1] | Страници[2] | Поглавја[3] | Спомнување на ЕМ[4] | Спомнување на НД |
|---|---|---|---|---|---|
| Нова демократија | 5/29 | 3, 4, 16, 19, 20 | 1/9 | 2 | 3 |
| ПОДЕМ | 3/50 | 13, 29, 30 | 0/2 | 2 | 1 |
| СДУ | 3/48 | 7, 25, 42 | 0/3 | 0 | 4 |
| ДУА | 16/36 | 2, 8, 9, 11, 12, 13, 20, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 29, 30, 33 | 5/13 | 0 | 31 |
| ВМРО-ДПМНЕ | 3/284 | 160, 167, 260 | 1/12 | 5 | 4 |
| ДУИ | 9/87 | 5, 27, 36, 49, 62, 64, 67, 80, 81 | 3/6 | 2 | 11 |
| СДСМ | 8/139 | 61, 67, 70, 71, 79, 81, 106, 107 | 2/4 | 4 | 12 |
| ЛДП | 9/122 | 19, 30, 31, 54, 85, 89, 90, 92, 9 | 1/2 | 4 | 22 |
| ППДД | 2/40 | 18, 35 | 0/8 | 1 | 2 |
| НДП | 3/10 | 1, 4, 9 | 0/8 | 0 | 4 |
| ОМ | 1/64 | 59 | 0/17 | 1 | 0 |

1 На колку страници се спомнува (од вкупно колку, на пр. на 2 од вкупно 29 страници)
2 Броевите на страниците во кои се спомнува и може да се прочита повеќе
3 Во колку (од вкупно колку) поглавја се спомнува темата (на пр. во 2 од вкупно 9 поглавја)
4 Колку пати се спомнува темата (експлицитно или нејзини облици и/или синоними)

Поголем дел, 6 од вкупно 11 (54 %) имаат издвоено посебни поглавја за активности во однос на еднаквите можности и дискриминацијата. Во останатите програми, термините се најдени во рамките на други области.

Мерките кои се предлагаат во однос на еднаквите можности и не/дискриминацијата (без оглед дали се споменати во посебно поглавје или во рамките на друго поглавје), најчесто се однесуваат на мерки за постигнување на еднаквоста; заштита на маргинализирани групи; надградба на правната рамка и испорака на социјални услуги. Во табела 3 се претставени политичките партии коишто имаат посветени посебни делови од програмата на принципите на еднаквите можности и дискриминацијата.

**Табела 3: Посветени посебни делови од програмата и конкретни мерки**

| Политичка партија | Посебен дел и наслов | Конкретни предлози и мерки |
|---|---|---|
| Нова демократија | Семејството и општеството (родова еднаквост и борба против дискриминација) | Не |
| ДУА | Економска дискриминација; културна дискриминација; расна дискриминација во Р.М.; дискриминација на децата; дискриминација во образованието | Не |
| ВМРО-ДПМНЕ | Еднакви можности за сите | Да |
| ДУИ | За еднакви можности; Рамноправноста; Надминување на предрасудите | Да |
| СДСМ | Целосна интеграција на лицата со посебни потреби; Слободни и можни жени; | Да |
| ЛДП | Промоција на еднаквоста и заштита од дискриминација | Да |

## Активности во однос на Законот за заштита и спречување од дискриминација

Мал дел, 3 од 11, од политичките партии спомнуваат спроведување на Законот за заштита и спречување од дискриминација. ВМРО-ДПМНЕ се залага за спроведување на законот, додека другите две партии (СДСМ и ЛДП) се залагаат за надградба и измени во законот.

**Табела 4: Предлози во изборните програми за спроведување или подобрување/надградба на правната рамка**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | Ќе ја зајакнеме борбата против сите форми на **дискриминација** преку спроведување на Законот за спречување и заштита од **дискриминација** и формираната комисија за заштита од **дискриминација**. (стр.161) |
| СДСМ | За таа цел, уште во ПРВИТЕ СТО ДЕНА Владата ќе подготви измени на Законот за полиција, на Законот за внатрешни работи, на Законот за општата управна постапка, на Законот за организација и работа на органите на државната управа, на Законот за народниот правобранител, на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, на **Законот за заштита и спречување од дискриминација**, на Законот за пушење, на Законот за инспекциски надзор, на Законот за прекршоци. (Стр. 107) |
| ЛДП | Во законот не се предвидени мерки за позитивна акција на државата со цел изградба на општетсво на еднакви и отсуствуваат јасни процедури кои ќе имобезбедат на граѓаните заштита од **дискриминација**. ЛДП верува дека различноста е извор на јачина и дека општеството добива кога секој е слободен да го живее својот живот онака како што сака, без **дискриминација** и со можност за остварување на максимумот на сопствените потенцијали.<br>Тргнувајќи од овие ставови, ЛДП се залага за:доследно транспонирање на ЕУ директивите за не**дискриминација;** надополнување и развој на Законот за превенција и заштита од **дискриминација** со цел опфат на сите стандарди на ЕУ правото (посебно дефинирани во директиви и во Лисабонскиот договор). ЛДП посебно ќе инсистира на внесување на сексуалната ориентација како основа за **дискриминација** во постоечкиот закон; хармонизација на целокупното законодавство со одредбите на Законот за |

| | |
|---|---|
| | спречување и заштита од **дискриминација;** дефинирање мерки за позитивна акција на државата со кои државата ќе стимулира развој на политики и практики на еднаквост, посебно за луѓето со интелектуална и физичка попреченост, ворасните, жените и Ромите; прецизирање на одредбите во Законот со кои се гарантира самостојноста и независноста на Комисијата за заштита од **дискриминација;** издвојување соодветни буџетски средства за работа на Комисијата за заштита од **дискриминација. (Стр. 89)** |

## Еднакви можности и не/дискриминација

**Табела 5: Во тек, спроведени и идни конкретни мерки во однос на принципите на еднакви можности и не/дискриминација**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | - ЕДЕН ОД СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ: Одржување на добри меѓуетнички односи врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување, подеднаков третман на сите пред законот и довршување на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор (стр. 7);<br>- СТАНБЕНА ИЗГРАДБА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА: Станови и куќи за лица во социјален ризик и други ранливи групи; станови и куќи за станбено необезбедени лица (млади брачни двојки, лица со посебни потреби , самохрани родите ли, самци и други лица). Изградба на водоснабдителни и канализациски системи во рамки на Декадата за вклучување на Роми (Стр. 94-97)<br>- ЗЕМЈА НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ: Достоинствен живот на пензионерите; Еднакви можности за сите; Заштита на стари и изнемоштени лица Заштита на инвалидни лица; Двојниот хендикеп – причина за посебна грижа од државата; Де институционализација; Грижа и заштита на деца; Стратегија за демографски развој на РМ; Вон институционална заштита на лица; во положба на социјален ризик; Заштита на жртви на семејно насилство; Заштита на Ромите; Социјална инклузија (Стр. 157)<br>Остварувањето на одржлив економски развој е можно само преку добра социјална заштита на најповредливите слоеви на населението (Стр.158)<br>- Во насока на процесот на децентрализација во сферата на социјалната заштита локалната самоуправа активно партиципира во обезбедување канцелариски простор и комунални трошоци за непречено формирање на дисперзираните одделенија на Центрите за социјална работа, со што ефикасно ќе се задоволат потребите на граѓаните на локално ниво преку соодветно остварување на правата и услугите. (стр. 160)<br>- Проект „Од помош до самопомош - Патролни социјални служби": Ќе формираме патролни тимови на социјални служби заради обезбедување на побрз и полесен пристап на ранливите групи на пазарот на труд за нивна целосна интеграција, преку подигнување на нивната самодоверба и решителност за целосно нивно социјално вклучување во општествено-економските текови и учество на пазарот на труд. (Стр. 160)<br>- Усвоивме Национална програма за социјална заштита 2011-2021 како интегрален документ за унапредување на системот на социјална заштита; Усвоивме Национална стратегија за заштита на стари лица 2010-2020, со која се овозможува стратешки и координиран пристап за подигнување на квалитетот на живот на оваа категорија; Усвоивме ревидирана Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010- 2018; Усвоивме Национална стратегија за деинституционализација во системот на социјалната заштита во Република Македонија 2008-2018;Усвоивме и активно ја спроведуваме Националната стратегија за семејно насилство 2008-2011 година; Усвоивме заеднички протокол за постапување на сите професионални структури за постапување во случај на семејно насилство, протокол за постапување во случај на деца на улица, протокол за постапување во случај на сексуално злоупотребување на деца; Ја донесовме и продолжуваме да ја реализираме Националната стратегија за интеграција на бегалците заради унапредување на системот на грижа за бегалците во Република Македонија и Националниот акциски план по однос на Стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2008-2015 година, со коишто бегалците не се веќе зависни од системот на социјална заштита, туку истите работат и ги подмируваат своите обврски кон државата; Ветивме и отворивме ЈУ за сместување на лица баратели на право на азил „Прифатен центар на баратели на право на азил"- Скопје со високостандардизирани услови за прифат, идентични, а во поголем дел и подобри од ваков тип центри во рамките на ЕУ. (Стр.161)<br>- Еднакви можности: Ќе продолжиме со формирање на Комисии за еднакви можности при локалните самоуправи во сите општини. Досега се формирани 75 вакви комисии преку кои се обезбедува поефикасно спроведување на принципот на еднакви можности на локално ниво како и преземање на афирмативни мерки за сузбивање на нееднаквоста. |

| | |
|---|---|
| | (Стр.167)<br>- ПРОЕКТ „ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА МЛАДИ": недискриминација, солидарност и етика во сите активности кои се однесуваат на младите. Носител на проектот е Министерството за правда. (Стр.260) |
| ДУИ | - РАМНОПРАВНОСТ: Рамноправноста меѓу луѓето ја сочинува основата на градењето на едно праведно општество. Разликите меѓу народите, расите или родовите историски донеле **дискриминација,** конфликт или маргинализација. Разликите треба да бидат основа за градење на демократски општества, секогаш почитувајќи го начелото: рамноправни во разлики. Само различните можат да се интегрираат бидејќи интегрираат различни вредности. Само со рамноправни можности за сите може да се изгради едно рамноправно општество (Стр.5)<br>- ИНФРАСТРУКТУРАТА И ТРАНСПОРТОТ ВО ФУНКЦИЈА НА ИНТЕГРАЦИИТЕ: Демократската унија за интеграција, промовира слободна трговија и целосно либерализирана, која стимулира конкуренција и овозможува **недискриминација,** особено во борба со монополизација на услугите и фаворизираните компании. (стр.27)<br>- ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА: ДУИ ќе се ангажира преку зајакнување на локалната власт, да овозможи еднаков развој на општините и на овој начин, ќе се компензира дисбалансот на локалниот развој како резултат од елементарната **дискриминација** во минатото. (стр. 36)<br>- ДУХОТ НА ОХРИДСКИОТ ДОГОВОР ВО ЗАКОНОДАВСТВОТО: ДУИ се ангажира за унапредување на правната уставна положба на граѓаните, во согласност со европските стандарди во сферата на правната – политичка регулација на системот, во слободното изразување на волјата на народот, ресоцијализација и реинтеграција на поранешните членови на ОНА, кои останале без да се систематизираат, во сферата на официјалната употреба на албанскиот јазик на сите нивоа, во сферата на полното изразување на националниот идентитет, во сферата на правата и слободите на ентитетите, **недискриминација**, правична и адекватна застапеност во децентрализацијата на власта. (стр. 49)<br>- ВИСОКИ СТАНДАРДИ ВО КУЛТУРАТА И НЕЈЗИНА ДЕПОЛИТИЗАЦИЈА: ДУИ ќе се ангажира за изградба на стандарди, кои ќе ја унапредат мултиетничката култура на Република Македонија и ќе ја спречат културната **дискриминација** на народите, кои живеат во Македонија. Стр. (62)<br>- НАДМИНУВАЊЕ НА ПРЕДРАСУДИТЕ: ДУИ се ангажира за надминување на **дискриминацијата** на жените во полтичкото, социјалното, економското и културното поле, за имплементација и подобрување на законодаството и постоечките практики, кои ја овозможуваат **дискриминацијата** на жената. (Стр. 64)<br>- ЦЕЛОСНА ЕДНАКВОСТ: Врз основа на сите меѓународни документи кои имаат за цел елиминација на сите форми на **дискриминација,** како и во националното албанско учење дека едно здраво општество се постигнува само со полова еднаквост, ДУИ се ангажира за промовирање на правата и економската независност на жените фокусирајќи се во решавањето на проблемот на вработувањето, зајакнување и интеграција на жените во политичкиот и општествениот живот преку учеството и и нивната адеквантна застапеност во партиските одлучувања како и државните, основани врз модерните европски вредности како нејзина стратешка цел. (Стр. 64)<br>- СЛОБОДНИ И НЕЗАВИСНИ МЕДИУМИ: Слободата на печатот и непречениот проток на информациите се суштински елементи за едно демократско општество. ДУИ се обрзува да го афирмира слободното информирање, нецензуриран и без политички диктати. За изградба на стабилна Македонија, од примарно значење е враќањето и зголемувањето на довербата меѓу сите заедници. Тоа не може да се постигне доколку медиумите пропагираат говорот на омразата, негативните појави на **дискриминацијата** и навредувањето на едниот или другиот етникум. ДУИ е во за позитивно информирање, кое ги соединува а не ги дели етникумите. (Стр. 66)<br>- ЗА **ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ:** ДУИ делува во насока на вклучување на Албанците и другите немнозински заедници во државните и јавните институции. Првично се делува со позитивна **дискриминација** која е неопходна за елиминација на последиците кои предизвикале негативна **дискриминација.** Потоа ДУИ ќе делува во насока на афирмативна акција, каде со вредности и квалитет ќе конкурира за учество во политичкиот и општествениот живот на земјата. Целта на ДУИ е во согласност со вредностите и постигнувањата на демократијата да се стигне до **еднакви можности** за сите, без разлика на етничката, верската или родовата припадност. (Стр. 80) |
| СДСМ | - Со членството во ЕУ, Македонија ќе добие пристап до Европскиот социјален фонд. Целта на овој фонд е да ги намали разликите во развојот и животниот стандард помеѓу земјите - членки на ЕУ. Европскиот социјален фонд ги помага помалку развиените земји преку проекти од следниве области: поголем пристап до вработување, зајакнување на |

| | |
|---|---|
| | социјалната вклученост и борба против **дискриминацијата**, пристап до работни места за лицата со посебни потреби и слично. (Стр. 61)<br>- СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА: За новата Влада е многу важно решавањето на проблемите на сиромашните, стечајците, лицата со посебни потреби и пензионерите. Мислиме дека државата треба да ги коригира пазарните неправилности и да помага националниот доход и богатство да бидат порамномерно распределени. Државата треба да ги заштити луѓето од ризиците на сиромаштија, експлоатација, **дискриминација**, невработеност, болест, старост. Наша цел е не само да ги заштитиме граѓаните кои се на маргините на општеството, туку истовремено да обезбедиме и **еднакви можности** за нивно понатамошно вклучување во општествениот живот. (стр. 67)<br>- *Целосна интеграција на лицата со посебни потреби:* Општеството не се грижи доволно за лицата со посебни потреби. СДСМ е решителен ова да го промени. Новата Влада ќе овозможи унапредување на човековите права, **еднакви можности** и целосна интеграција на лицата со посебни потреби. За таа цел, новата Влада:Ќе ја зголеми пристапноста и овозможување на услови за **еднакви можности** на студирање на лицата со инвалидитет на сите универзитети во Република Македонија. (стр. 70)<br>- Проект: Еднаков пристап за **еднакви можности** (унапредување на можноста на инвалидизираните ученици од основно училиште за полесен пристап до образовните можности) - Буџет: 197.730,00 американски долари, почеток на проектот 2010 година, завршување на проектот во 2012 година. (стр. 79)<br>**- Слободни и моќни жени:** Новата Влада во првите шест месеци владеење ќе изработи стратегија и акционен план за борба против **дискриминацијата** на жените во работните односи по основ на бременост и мајчинство, како и законски измени со зголемување на санкциите за **дискриминацијата** од овој облик, засилен и специјализиран инспекциски надзор, задолжително информирање на идните родилки за сите нивни права и бесплатна правна помош за социјално загрозените жени во спорови при овој облик на **дискриминација**. (стр. 111) |
| ЛДП | - Укинување на даночната **дискриминација**. Во сегашниот систем постои **дискриминација** на т.н. микропретпријатија кои се оданочуваат на нивниот остварен вкупен приход до 3 милиони денари без оглед на висината на расходите. ЛДП ќе ја укине оваа даночна **дискриминација**. (Стр. 19);<br>- При дистрибуцијата на државна помош ЛДП се залага за примена на следниве клучни критериуми: зголемување на додадената вредност по вработен, поддршка на извозно ориентирани компании со цел зголемување на приливите на капитал, диверзификација на индустриските сектор елиминирање на **дискриминација**та на домашните инвеститори преку целосно изедначување на третманот на домашните и странските инвеститори. (Стр. 30)<br>- Со ефикасна и конзистентна социјална политика и преку афирмацијата на либералниот модел на **еднакви можности** се гради општество на **еднакви можности** за сите оние индивидуи или заедници кои по разни основи не се во состојба рамноправно да се вклучат во општествените токови. Либералниот модел на **еднакви можности** кој претставува своевиден модел на либерална социјална држава не се меша и не ги пореметува законите на понудата и побарувачката, туку, влијае врз оспособувањето на граѓаните поуспешно да се соочат со предизвиците на пазарното стопанство. (Стр. 54)<br>поддршка на независните контролни тела и институции промена на законите за Народен правобранител и Законот за спречување и заштита од **дискриминација** заради зајакнување на функционалната и персонална независност на Народниот правобранител и на Комисијата за заштита од **дискриминација**. (Стр. 85)<br>- ПРОМОЦИЈА НА ЕДНАКВОСТА И ЗАШТИТА ОД **ДИСКРИМИНАЦИЈА:** ЛДП се залага за: доследно транспонирање на ЕУ директивите за не**дискриминација;** надополнување и развој на Законот за превенција и заштита од **дискриминација** со цел опфат на сите стандарди на ЕУ правото (посебно дефинирани во ` директиви и во Лисабонскиот договор). ЛДП посебно ќе инсистира на внесување на сексуалната ориентација како основа за **дискриминација** во постоечкиот закон; хармонизација на целокупното законодавство со одредбите на Законот за спречување и заштита од **дискриминација;** дефинирање мерки за позитивна акција на државата со кои државата ќе стимулира развој на политики и практики на еднаквост, посебно за луѓето со интелектуална и физичка попреченост, ворасните, жените и Ромите; прецизирање на одредбите во Законот со кои се гарантира самостојноста и независноста на Комисијата за заштита од **дискриминација;** издвојување соодветни буџетски средства за работа на Комисијата за заштита од **дискриминација.** (Стр. 89)<br>**- ДОСЛЕДНА ОДБРАНА НА СЕКУЛАРНИОТ КАРАКТЕР НА ДРЖАВАТА:** промени во законите од областа на работните односи, пензиското осигурување, |

| | |
|---|---|
| | **социјалната заштита** и заштитата на децата со цел развивање на норматива која се бави со родителството наспроти нормативата која го третира единствено мајчинството (стр. 92)<br>- Промени на Законот за **еднакви можности** на жените и мажите кои ќе овозможат негова имплементација во практиката и посебно заживување на заштитните механизми демократија, така и врз вистинското и потполно остварување на правото на вероисповед и забраната на **дискриминација** врз основа на верско или друго уверување. Со цел да се запре процесот на десекуларизација започнат во Република Македонија и да се воспостават основи за практикување на слободата на вероисповед, ЛДП се залага за:доследна примена на принципот на секуларност во остварувањето на власта еднаков третман на сите верски заедници и религиозни групи зголемување на слободата на верско и друго уверување оневозможување на влез на религијата во формалното образование (стр. 91)<br>- ЛДП се залага за: законски прописи со кои се забранува манифестирање на предрасудите систематско запознавање со културата на „другите“, главно преку образованието примена на меѓународните стандарди за заштита на националните малцинства ратификација на Европската повелба за регионалните или малцински јазици законски мерки за запирање на сегрегацијата врз етничка основа позитивна акција со цел намалување на негативните последици од претходната **дискриминација. (Стр.93)** |

## Заклучоци

**1. Поголем од политичките партии се осврнуваат на еднаквите можности и не/дискриминацијата**

Еднаквите можности се спомнуваат во 11 од 15 од понудените програми (73 %). Најмногу ги спомнуваат еднаквите можности, ВМРО-ДПМНЕ (5); СДСМ (4) и ЛДП (4). Во програмите на Нова демократија и ДУИ еднаквите можности помалку се спомнуваат т.е. по два пати. Дискриминацијата се спомнува во 10 од 15 од понудените програми (67 %). Најмногу ја спомнуваат дискриминацијата, ДУА (31), ЛДП (22) и СДСМ (12), додека ВМРО-ДПМНЕ помалку го користи терминот дискриминација (4). ДУА го користи овој термин за да укаже на нееднаквост, додека пак ЛДП, СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ претежно го користат во однос на заштитата и спречување од дискриминацијата. Во 11 политички програми каде се споменати еднаквите можности, односно во 10 за не/дискриминацијата, само во 6 се подготвени посебни поглавја за еднаквите можности и не/дискриминацијата. Останатите ги имаат вметнато во различните сектори. Само во **мал дел** (во 4, ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и ЛДП) од програмите се **нудат одредени конкретни мерки за еднаквите можности и не/дискриминацијата.** Останатите имаат презентирано ставови, но не и конкретни мерки за ова подрачје.

**2. Активности во однос на Законот за спречување и заштита од дискриминација**

Мал дел, само 3 од 10 политички партии кои во програмите ја спомнуваат не/дискриминацијата, презентирале конкретни насоки во однос на Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД). ВМРО-ДПМНЕ ги претставиле заложбите за спроведување на законот, СДСМ се залага за измени во ЗСЗД, додека пак, ЛДП покрај залагањата за измени во законот, предложил и конкретни мерки во однос на измените на законот, но и во однос на борбата против дискриминацијата.

**3. Фокус во однос на принципите на еднакви можности и не/дискриминација**

Фокусот кај ВМРО – ДПМНЕ во оваа насока е ставен на еднаквите можности и заштитата од дискриминацијата врз основа на возраст (деца, млади и стари); пол (претежно права на жени); лица со посебни потреби и ранливи групи (меѓу нив се споменати и мерките кои се преземаат или ќе се преземаат за Ромите). Фокусот на ДУИ во однос на еднаквите можности и не/дискриминацијата е ставен на етничката, верската и родовата основа, СДСМ на лицата со посебни потреби, родовата еднаквост и старите лица, додека фокусот на ЛДП во однос на овие две компоненти се: социјална еднаквост, сексуалната ориентација, лицата со посебни потреби и ранливи групи, меѓу кои специфично се споменати Ромите, возраст, пол (жените), на верското или друго уверување.

## Прилог 1. Веб-страници на кои се објавени програмите

| Подносител | Програма |
|---|---|
| Нова демократија | http://www.demokraciaere.org/pod/docs/ProgramiDR_1.pdf |
| ПОДЕМ | http://podem.org.mk/PODEM_Docu/programa2011Podem.pdf |
| СДУ | http://www.sdu.org.mk/images/stories/dokimenti/izborna-programa-sdu.pdf.pdf |
| ДУА | http://bdsh.eu/docs/platforma.pdf |
| ВМРО-ДПМНЕ | http://vmro-dpmne.org.mk/Dokumenti/Manifest_za_reformi_i_razvoj.pdf |
| ДУИ | http://www.aliahmeti.org/dokumente/programi09.pdf |
| ДПА | http://www.gurra-pdsh.org/ |
| СДСМ | http://www.zatvojataidnina.mk/upload/pdf/Programa_SDSM_2011.pdf |
| ЛДП | http://ldp.org.mk/Dokumenti/LDPProgramaImaIzlez.pdf |
| Демократска десница | http://www.demokratskadesnica.org/programa.pdf |
| НДП | http://www.rdk.org.mk/index.php/programi |
| ОМ | http://www.obedinetizamakedonija.mk/File/OM%20-%20Izborna%20Programa%20-%202011.pdf |

На веб-страницата на интегриранaта платформа за набљудување на вонредните парламентарни избори 2011: **www.mojotizbor.mk** може да се најдат сите доставени/објавени програми на политичките партии.